UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

5

# НОВ 2020



## НАСЛОВИ

**Уводник:** Борбата против родово базирано насилство стр 1

**КОВИД-19:** Одговор од ОН, закрепнување и други активности стр 2

**РОСР:** Програмски документи на УНДП, УНФПА и УНИЦЕФ стр 3

**Во фокус:** Родовата еднаквост и правата на жените на крстопат стр 4

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### ОКТОМВРИ

- **20-25 УНХЦР Северна Македонија ја поддржа платформата за истражувачко новинарство и анализа (ПИНА) во организацијата на четвртиот фестивал на истражувачки филм Скопје под мотото Солидарност.**

### НОЕМВРИ

- 3 5-то издание на правната клиника за право на бегалци организирана од Центарот за право на бегалци и миграција на Правниот факултет Јустинијан Први беше организирана со поддршка од УНХЦР Северна Македонија

- 4 УНХЦР и Македонското здружение на млади правници одржаа работилница за новинари и фоторепортери за „известување за заштитата на правата на бегалците и лицата без државјанство".

- 16-18 Меѓународна онлајн конференција – Културното наследство и мултилатерализмот: регионални и меѓународни стратегии за заштита на културното наследство, по повод 50-годишнината од Конвенцијата на УНЕСКО

- 19 Организацијата на ОН за храна и земјоделство (ФАО), заедно со националното назначено тело за Зелениот климатски фонд (ГЦФ), го организираа 2от Акредитиран вебинар за директен пристап до финансии за климата,

- 19-20 UАктивности за одбележување на Светскиот ден на детето предводено од УНИЦЕФ.

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од Постојаниот координатор на ОН



Една од најголемите загрижености како резултат на пандемијата со КОВИД-19, покрај негативните влијанија по здрвјето и економијата, е порастот во родово-базирано насилство поради зголемените услови коишто овозможуваат насилство, како и застојот или регресијата во борбата против ова насилство. Оваа пандемија во сенка особено не потсетува дека преголем број на жени и девојчиња секојдневно се соочуваат со физичко, психолошко и сексуално насилство. Во Северна Македонија, близу 45% од жените и девојчињата над петнаесет- годишна возраст се соочиле со некаква форма на насилство, според истражувањето на Организацијата за безбедност и соработка во Европа. Тоа значи дека речиси секоја втора жена и секое второ девојче се засегнати од насилството. Тоа е едноставно неприфатливо!

Овогодинешната глобална кампања против родово-базирано насилство, 16 Дена активизам (25 ноември до 10 декември 2020), е организирана следејќи ја глобалната тема "Обој го светот портокалово: финансирај, одговори, спречи, собери!". Кампањата е насочена кон дисеминација на информации и материјали за се разбере сериозноста на оваа појава во општеството, вклучително и следните клучни карактеристики:

Прво, сите треба да разбереме дека насилството има опсежно и штетно влијание. Тоа не ги засега само оние кои го преживеале, туку го менува и животот на нивните семејства, пријатели, заедницата, вклучително и на сторителите. Со секој поединечен случај на насилство, се прават психолошки и економски огромни штети по нашите заедници. Несфатливо е колкава е штетата по нашиот развој.

Второ, не постои нешто коешто може да го оправда насилството: ниту шокот предизвикан од КОВИД-19, ниту бил кој друг фактор може да биде оправдание. Тоа е клучно да го разберат и тие кои преживеале и кои се сторители на насилство додека закрепнуваат, но, треба и да се вгради во нашата култура за да помогнеме да се спречи во иднина. Шеснаесет дена кампања е важен поттик, но, тоа

Трето и најважно дека можеме успешно да се справиме со родово-базираното насилство само ако дејствуваме заеднички. Секој поединец има важна улога во тоа. Од оние кои се надлежни да ги примаат и обработуваат пријавите за родово-базирано насилство, до оние кои се околината на лицата кои доживеале насилство. Не можеме да дозволиме обвинувањето на жртвите и стигматизацијата да ја влоши нивната и така лоша состојба. Доколку видиме или чуеме нешто, мораме да реагираме, мораме да го кренеме гласот.

Во последната деценија, Северна Македонија има постигнато значаен напредок во тој поглед, и во однос на политиките и за воспоставување на неопходните алатки за оние кои преживеале родово-базирано насилство да се чувствуваат безбедно и да добиваат поддршка при пријавувањето. Новиот закон за спречување и заштита од насилство врз жените, кој неодамна беше објавен, ќе придонесе за уште поголем напредок откако ќе биде усвоен од Собранието. Меѓутоа, политиките и законите мора да бидат придружени со соодветна имплементација и лидерство.

Ние можеме да направиме промена, почнувајќи од нас самите и нашите деца. Тоа им го должиме на нашите баби, мајки, сестри, сопруги и партнери. Дотолку повеќе што тоа си го должиме сами на себеси и на идните генерации за да можат да ги користат сите ресурси за одржлив развој во опкружување без насилство.

**Росана Дуџак**
Постојан координатор на ОН

# Одговор на КОВИД-19 и други активности

## Одговор на КОВИД-19 и закрепнување

Агенциите на ОН и понатаму ќе даваат поддршка за одговорот на КОВИД-19 во земјата со конкретни и детални анализи за аспекти кои се во рамки на нивната област на експертиза.

На почетокот на годината, Владата на Северна Македонија побара од Светска банка да се овозможи ко-финансирање на програмата за субвенционирање на плати којашто беше подготвена како одговор на настанатата пандемија. Поддршката се обезбеди преку Компонентата за одговор на непредвидени вонредни состојби – вклучена во проектот на Светска банка за патишта и поврзување – коешто на Владата ѝ овозможи да повлече од 37 милиони евра за придонеси до 80 милиони евра за субвенционирање на платите од април до јуни 2020 година. Симулацијата на влијанијата од проектот, објавена во ноември, покажа дека при отсуство на владиниот одговор на пандемијата, сиромаштијата веројатно би се зголемила до нивото пред 2015 година и над 130,000 Македонци би се нашле во сиромаштија.

Фондот за деца на ОН (УНИЦЕФ) ги поддржа законските амандмани за да се овозможи систем за дигитално снимање и пријавување за домашни посети и телефонски здравствени совети, како и адаптација на формуларот за пријавување. Проектот содржи и три компоненти на софтвер и модули за обука кои во моментов се во изработка. Обуките ќе започнат на почетокот на следната година.

УНИЦЕФ го поддржа и воспоставувањето на систем за дневен мониторинг во Министерството за образование и наука со цел да се следат модалитетите на настава, тешкотиите во пристапот до и квалитетот на образование, како и за следење на инфекциите кај децата и вработените во училиштата.

Фондот за население на Обединетите нации – УНФПА, во соработка со НВО Хуманост, отвори телефонска линија за психосоцијална поддршка за постарите лица и организираше неколку едукативни работилници и вебинари за активно и здраво стареење, ментално здравје, социјална поддршка, итн. Над два тона хигиенски средства и лична заштитна опрема беа дистрибуирани во државните домови за стари лица во Скопје, Прилеп, Куманово, Битола и специјалниот завод во Демир Капија.

Во партнерство со националниот Црвен Крст, УНФПА ги поддржа и мобилните тимови кои помагаат на стари лица преку посети во нивните домови, купување намирници и лекови, итн. Активностите се дел од неделата за грижа за старите лица, под мотото „Сите ние сме нивни деца".

## Други активности на ОН

Во соработка со Министерството за труд и социјална политика, UN Women поддржа четири работилници за ресорните министерства и државни агенции за примена на родово-одговорно буџетирање во изработката на нивните стратешки планови, програми и буџети за претстојната година. Претставници од 14 ресорни министерства и една државна агенција изработија основни родово одговорни интервенции како одговор на заложбите за родова еднаквост од работниот план на Владата за 2020-2024.

Како дел од поддршката за вториот нацрт за УНСЦР 1325 Национален акциски план и одбележувањето на 20 годишнината од Резолуцијата 1325 на Советот на безбедност на ОН за жени, мир и безбедност, UN Women помогнаа на Министерството за одбрана да ја приближат агендата за жени, мир и безбедност до претставниците од министерството и армијата во текот на дводневен семинар. Учесниците дискутираа за родовите стереотипи и како тие придонесуваат за недоволната застапеност на жените во носењето одлуки, повисоките армиски чинови и безбедносниот сектор.

ФАО, заедно со надлежните органи од земјата, објави Отворен повик за сите државни институции, приватни компании и организации од граѓанското општество во земјата кои се заинтересирани да бидат акредитирани за проценка и имплементација на проекти финансирани од Зелениот климатски фонд (ЗКФ), согласно приоритетите од националната климатска акција. Повикот беше објавен во земјата како дел од вториот проект во рамки на Програма за подготвеност за ЗКФ и подготвителна поддршка, којашто го олеснува директниот пристап до климатско финансирање преку национално сопственичко право и поусогласени национални приоритети за климатски активности и планови.

Програмата за животна средина на ОН (УНЕП), во соработка со Министерството за животна средина, организираше јавна консултативна средба и главна јавна расправа за нацрт Законот за Шар планина.

УНЕП, исто така, организираше две онлајн работилници за проценка на состојбата со мечкино грозје во Северна Македонија, како и обука за и прикажување на методологијата за следење на популацијата на собрани диви растенија.

Програмата за развој на ОН (УНДП) организираше конференција „Кон револуција во вештините: наоѓање иновативни и дигитални решенија за индустријата на иднината" (#skills4future) за да се прикажат меѓународните искуства и наодите од експертските анализи за поврзаноста на вработувањето и образованието во текстилната и градежната индустрија. Наодите ќе ја дадат основата за водење дијалог за политики меѓу клучните чинители и за препораки за идни политики.

Настанот беше организиран во рамки на проектот „Премостување на јазот кај вештините за создавање на нови работни места", финансиран од Британската амбасада, со цел да се надминат дел од клучните проблеми со невработеноста и премостување на „јазот кај вештините" во три клучни индустрии во Северна Македонија – текстилната и градежната индустрија и индустријата на обновливи извори на енергија. Повеќе информации на: www.skills4future.mk

Во партнерство со вицепремиерот за економски прашања, УНДП го организираше официјалното отворање на е-платформа www.bizz4all.mk, која ќе функционира како онлајн бизнис алатка за поддршка на компаниите преку разни менторски пакети за време на кризата. Во надградената верзија на платформата, посебно прилагоден пребарувач ќе овозможи мапирање на најповолните програми за поддршка на секој барател.

Како дел од иницијативата за вклучување на возраста, родот и различностите, УНХЦР ја заврши годишната Партиципативна проценка, преку која агенцијата гради партнерства со жени и мажи бегалци од сите возрасти и потекло преку значајно учество и структуриран дијалог. Наодите од проценката беа потврдени и приоретизирани заедно со надлежните органи, претставниците од општините, организациите на ОН и организациите на граѓанското општество.

UN Volunteers организираше одбележување на Меѓународниот ден на волонтери (МДВ) на 5 декември, за да се промовира волонтерството, да се охрабрат владите да ги поддржуваат волонтерските заложби и да се даде признание на придонесот од волонтерите за постигнување на Целите за одржлив развој (ЦОР) на локално, национално и меѓународно ниво. Прославата – „Заедно можеме преку волонтерство" ја вклучи и кампањата за МДВ за 2020, која започна во ноември, за да се искаже благодарност на волонтерите за нивното дејствување и да се прикажат ефектите од волонтерството за време на кризата со КОВИД-19.

### LATEST EPIDEMIOLOGICAL DATA (9 Dec 2020)

| | | | |
|---|---|---|---|
| 68,332 | CONFIRMED COVID-19 CASES | 1,949 | COVID-19-RELATED FATALITIES |
| 32,798 | CONFIRMED CASES PER 1,000,000 PEOPLE | 935 | FATALITIES PER 1,000,000 PEOPLE |

Daily new cases reported




For latest data see covid19.who.int/region/euro/country/mk

# Рамка за соработка на Обединетите нации

**Рамката за соработка на Обединетите нации 2021-2025 се имплементира преку програмски документи на агенциите од системот за развој на ОН што ја потпишаа Рамката за соработка, а произлегуваат од неа. Трите агенции, УНДП, УНФПА и УНИЦЕФ ги адаптираа нивните програмски циклуси со Рамката за соработка и ги развија нивните програмски документи - сумирани подолу. Истото ќе го направат и другите агенции, штом нивните програми бидат готови и достапни.**

## Програмски документ на УНДП

Програмската визија на УНДП за 2021-2025 се однесува на трансформација на системите коешто води кон забрзан, поинклузивен и зелен економски раст. Тоа ќе овозможи Северна Македонија да просперира како кохезивно, инклузивно општество и побрзо да се приклучи кон ЕУ во однос на приходите и квалитетот на живот, особено за ранливите групи.

Во рамки на ПДЗ за 2021-2025, УНДП ќе ги користи својата техничка експертиза, силно оперативно присуство, широка мрежа на партнерства и релации од доверба со Владата за да се унапреди постигнувањето на резултатите дадени во целосната Стратегија на ОН – РСОР за 2021-2025. Во улога на интегратор, УНДП ќе го примени своето осмислено лидерство, платформски пристап и програмски фокус на иновации и отпорност кон приоритетите и резултатите од РСОР, каде што УНДП располага со компаративна предност: а) јакнење на ефективноста и отчетноста на институциите, особено на општинско ниво, б) отворање на работни места, в) зелен и инклузивен економски развој, и г) олеснување на учеството на граѓаните во носењето одлуки и климатската акција.

Врз основа на Заедничката анализа за земјата (ЗАЗ) и консултациите со чинителите, постојат три предизвици за кои УНДП ќе дава стратешки решенија со додадена вредност за да придонесе за приоритетите и резултатите од РСОР: сиромаштија и економска исклученост; управување со климатските промени и природните ресурси; ефективно управување каде луѓето имаат централно место и владеење на правото.

За да се намали сиромаштијата и економската исклученост, УНДП ќе вклучи јавни и приватни чинители да инвестираат во деловниот екосистем, со акцент на претприемништвото, зголемени вредносни синџири и трговија.

Поддршка ќе се дава на бизнисите за да ја насочуваат економијата додека закрепнува од пандемијата, вклучително и дигитална трансформација. Предизвиците на пазарот на трудот повикуваат на програми за развој на дигитални вештини. Во рамки на тековната програма, УНДП ја покажа својата ефективност преку поддршката за отворање на над 13,000 работни места во формалните сектори и 12,000 нови мали бизниси, коешто претставува 12 проценти од новите компании кои се регистрирани во тој период, и десет нови социјални сервиси кои даваат услуги на ранливите групи.

За да помогне на земјата во одговорот на предизвиците од климатските промени, УНДП ќе ги јакне рамките за политики и локалните капацитети за адаптација и ублажување на климатските промени, ефикасно управување со ресурсите на екосистемите, особено за водата, и намалување на ризиците од катастрофи. Тоа ќе придонесе за намалување на емисијата за стакленички гас и зголемување на способностите за справување и рурална егзистенција, поттикнување на зелено и отпорно закрепнување од пандемијата. Компаративните предности на УНДП беа прикажани преку успехот во сливот на реката Струмица за зголемување на земјиштето со одржливо земјоделство од речиси нула на 360,000 хектари и преку капацитетите на националните институции за исполнување на обврските од Договорот од Париз со националниот систем за мониторинг на климата. Исто така, УНДП помогна за „намалување на ризиците од катастрофи“ за 5 брани, 4 мостови, 22 km патишта, 102 km речни корита и канали, и области зафатени од лизгање на земјиштето.

За да се олесни поефективното управување каде што централно место се дава на луѓето, УНДП ќе го поддржува стратешкото планирање, зголемените регулаторни и надзорни капацитети на централно ниво, градењето капацитети на локално ниво за анализи, носење одлуки, буџетирање и извршување. Овие промени ќе придонесат за транспарентно и отчетно управување, поголема социјална кохезија, и реафирмација на владината заложба за пристапување во ЕУ и за „основите“ за градење доверба и надминување на поларизацијата. УНДП ја покажува својата експертиза за јакнење на општинското управување и капацитети за економски развој, испорака на услуги, и граѓанско учество во контекст на тековната децентрализација.

### Програмски документ на УНФПА

Севкупната визија на програмата за земјата на УНФПА е дека до 2030 година, сите жени и мажи, млади луѓе, адолесценти, ранливи млади луѓе, жени со попреченост, жители на осиромашените населени места и рурални области, и постари лица во Северна Македонија целосно ќе ги остваруваат своите права, и секој ќе има еднакви можности да добива добро образование, вработување и пристап до висококвалитетни здравствени услуги.

Оваа визија ја споделува и Владата којашто е отсликана и во нејзината програма за 2020-2024; придонесува за трите трансформативни резултати на УНФПА , целосно е усогласена со РСОР, и ги отсликува одобрените национални владини заложби за постигнување на целите од меѓународната конференција за население и развој (МКНР), кои беа претставени на самитот во Најроби.

Новата програма ќе ги трансформира животите на жените, жените со попреченост, постарите лица, жители на осиромашените населени места и рурални области и младите луѓе (на возраст од 10-24 години),особено оние кои се ранливи, преку нивно јакнење да живеат без насилство и да прават репродуктивен избор на основа на информираност. Целта е да се намали стапката на раѓања кај адолесцентите до 30% до 2025 година.

ПДЗ на УНФПА ги поддржува активностите за членство во ЕУ, добрососедските и меѓуетничките односи, социјалната кохезија, борбата против пандемијата со КОВИД-19 и новата енергија, определбата за забрзан економски развој, одржливиот развој, модерното образование, ефикасното и правичното управување, и силните институции. УНФПА, заедно со своите партнери од ОН, ќе работи со Владата на поставување на приоритетите согласно на Агендата 2030 и централно место ќе даде на начелото „никој да не заостане“.

Со првиот исход ќе се унапредат сексуалното и репродуктивното здравје и права, работејќи паралелно од страната на „понудата“ преку јакнење на здравствениот систем (пристапност, прифатливост на квалитетот на грижа, поконкретно за менталното здравје и семејното планирање) и од страната на „побарувачката“ во спречувањето на ризично однесување преку зголемена едукација на младите луѓе за сеопфатна сексуална едукација преку иновативни решенија, особено за лицата со попреченост со нарушувања од аутистичниот спектар, како и поголема вклученост на младите луѓе во креирањето политики. Клучните индикатори се поставени да се подобрат за најмалку 30%.

Преку вториот исход, меѓуресорската превенција и одговорот за раните бракови ќе се зајакнат, и во исто време, ќе се менуваат однесувањето и социјалните норми за овие штетни практики. Таквата насоченост ќе биде уште поактуелна поради КОВИД-19 и отсуството на интегрирани податоци за РБН.

Значењето и приоритетот на податоците, пописот и миграциите, отвораат златна можност за УНФПА да ја зајакне својата улога за јакнење на статистичкиот систем за собирање податоци, расчленување и користење на податоците и политики засновани на докази. Покрај тоа, акцентот ќе се стави на политиките и услугите за младите и постариот лица.

Во периодот од 2021-2025 година ќе се бара да се прошират постоечките партнерства со Владата, донаторите и мултилатералните партнери, и да се градат нови партнерства со ЕУ, приватниот сектор, поединците (славни личности, личности кои вршат влијанија) и други чинители.

### Програмски документ на УНИЦЕФ

ПДЗ на УНИЦЕФ за 2021-2025 опфаќа меѓусебно поврзани активности за јакнење на системот во кој децата имаат централно место, и коешто произлегува од холистичкиот пристап за опстанок и развој на децата. Сеопфатната визија подразбира да им се овозможи на семејствата и да се зајакнат услугите за поддршка на децата да напредуваат, и да се заштитат од сиромаштија, негативни последици и исклученост, коишто се и главните теми на кои се темели концептот на програмата.

За таа цел, УНИЦЕФ ќе се насочи на три клучни промени кои се неопходни за исполнување на визијата:

(а) обезбедување опстанок и развој на децата во грижливо, стимулативно и безбедно семејно опкружување;

# Рамка за соработка

(б) обезбедување можности за децата да учат, да се вклучат и да градат отпорност, преку квалитетно образование и различни специјализирани услуги за заштита коишто ги опфаќаат, ублажуваат и даваат одговор на ризиците кои негативно влијаат на децата; и

(в) создавање на поволно опкружување во коешто децата имаат централно место и ги унапредува правата на децата преку зацврстување на техничките компетенции на клучните чинители и негување на позитивни верувања и ставови за да се оформат начините на кои се гледа на детските права.

Иако со програмата е опфатена целата земја, одредени елементи се насочени кон оддалечените, руралните или сиромашните општини.

Програмата е усогласена со националните развојни приоритети, вклучително и со оние што се содржани во Стратешкиот план на Генералниот секретаријат за 2020–2022, Националната стратегија за одржлив развој 2009–2030, Националната стратегија за деинституционализација 2018–2027, Стратегијата за образование 2018–2025, Националната стратегија за спречување и заштита на децата од насилство 2020–2025, Стратегијата за ментално здравје 2018–2025, како и секторските политики и стратешки планови на Владата.

Со програмата ќе се поддржи и Договорот за асоцијација меѓу Владата и ЕУ. Тоа ќе придонесе за имплементација на Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, како и поддршка за остварување на Целите за одржлив развој.

Програмата се темели на главните претпоставки

(а) постоење на политичка волја за насоченост кон политики за децата и зголемени инвестиции за децата;
(б) обврзаност на Владата да распределува ресурси за одржливост на услугите, вклучително и инвестирање во кадарот и преземање мерки за задржување на кадарот;
(в) дека ставовите на пошироката јавност ќе отсликуваат ставови во поддршка на менувањето на верувањата, ставовите и нормите кои се релевантни за подобрување на детските права.

За да се овозможи имплементација на програмата, клучни аспекти се соодветни ресурси; комуникација и застапување; проширување на партнерствата; и зголемена координација за програмата и меѓуресорска работа. Стратешките партнерства во рамки на системот на ОН имаат главна улога за напредок во постигнувањето правични резултати за децата. Програмата за земјата произлегува од Рамката за соработка за одржлив развој на Обединетите нации за 2021–2025 (РСОР) и истата е целосно усогласена со две од три стратешки приоритетни области од РСОР – одржлив и инклузивен економски и социјален развој; и транспарентно и отчетно демократско управување, коишто директно придонесуваат за исход 2 и 4 од РСОР и индиректно за останатите две.

УНИЦЕФ проактивно ќе ги вклучува и заедниците и различните групи на млади луѓе во сите фази од подготовката, имплементацијата и мониторингот на програмата, како и во застапувањето.

# ВО ФОКУС **Родова еднаквост на крстопат**




*Инсталација од кампањата 16 дена активизам што претставува ја комплексноста на родово базираното насилство*

Оваа година, кога светот дава признание на три главни одредници на ОН – 25-годишнината од значајната Пекиншка декларација и платформа за акција, 20-годишнината од Резолуцијата 1325 за жени, мир и безбедност на Советот за безбедност на ОН, и 75-годишнината од Повелбата на ОН, нашите залохби и ветувања за унапредување на родовата еднаквост и јакнење на жените се уште поголеми и истакнати.

Во Доброволниот национален преглед за 2020, Северна Македонија дава приоритет на целта 5 и за вклучување на начелата за еднаквост и недискриминација низ сите 17 цели, прифаќајќи дека жените се движечка сила за одржливиот развој. Прифаќајќи ја споделената визија во Пекинг, Владата спроведува реформи на законите, политиките и институциите за да се унапреди родовата еднаквост и почитување на човековите права за сите, елиминација на сите форми на дискриминација, ставање крај на насилството врз жените и девојчињата, обезбедување еднакви можности, вклучително и еднаква плата за еднаква работа, и јакнење на жените за учество во сите сфери од јавниот живот.

Напредокот во родовата еднаквост и јакнењето на жените немаат централно место само во 2030 Агендата за одржлив развој, туку и за пристапувањето на земјата во ЕУ. Приближувањето на агендите на ЕУ и ОН во оваа област ги јакне одговорноста и иницијативите за усогласување на реформите со меѓународните стандарди за човекови права. ОН тесно соработуваат со надлежните органи во земјата, граѓанското општество, особено со женските организации, и меѓународните партнери на подготовка на клучни иницијативи за закони и политики. Тука спаѓа подготовката на новите закони за родово базирано насилство (РБН) и семејно насилство и за родова еднаквост, амандманите на Кривичниот закон и Законот за работни односи. Понатаму, се поддржува и операционализацијата на Националниот акциски план за 2020-2025 за Резолуцијата 1325 за жени, мир и безбедност на Советот за безбедност на ОН. Исто така, ОН помагаат во унапредувањето на родово-одговорно буџетирање, економско јакнење, сексуално и репродуктивно здравје и права, и квалитетно и инклузивно образование.

Клучниот Закон за спречување и заштита од дискриминација, донесен во ноември минатата година, по прв пат, експлицитно ги предвидува како основ за заштита и сексуалната ориентација и родовиот идентитет, како и новите сериозни форми на дискриминација, како што се вознемирување, виктимизација, поттикнување на дискриминација, сегрегација, повеќекратна и интерсекциска дискриминација. Последно наведената дискриминација особено има несразмерно влијание врз жените и девојчињата, односно, жените и девојчињата со попреченост, жените мигранти, баратели на азил и бегалци. Стручна и независна комисија ќе ја промовира еднаквоста и заштитата од делата на дискриминација. Нацрт Законот за РБН и семејно насилство, сè уште е во изработка, и ги вклучува клучните начела и концепти кои се втемелени во Истанбулската конвенција на Советот на Европа и Општата препорака 35 на ЦЕДАВ. Законот разработува пет главни столба – превенција; заштита – специјализирана поддршка, прифатилишта, правна помош, пристап до правда и обештетување; кривично гонење; интегрирани политики и партнерства и координација меѓу сите релевантни чинители.

Залохбите за родова еднаквост и јакнење на жените сега се на крстопат кога светот се бори со досега невидени предизвици поради пандемијата со КОВИД-19, коишто несразмерно влијаат на жените. ОН ја поддржаа Владата во подготовката на сеопфатна Рамка за социо-економски одговор на КОВИД-19. Во одговорот и мерките за закрепнување е вклучена родовата перспектива и се истакнува главното начело никој да не заостане. КОВИД-19 и понатаму го влошува континуираното одрекување на женските права и насилството. Жените и девојчињата носат тежок товар од социјалните и економските влијанија на пандемијата бидејќи се вработени во неформалниот сектор и економијата за грижа, и како медицински сестри и негувателки се во првите редови во давањето одговор. Тие страдаат од „пандемијата во сенка" на родово-базирано насилство како и насилство од интимните партнери, и сексуално насилство и фемицид.

Покрај чекорите кои се преземаат за јакнење на рамката на политики и закони, преостанува да се постигне суштинска (де факто) еднаквост во Северна Македонија. Еднаквоста на жените не може да се постигне изолирано, туку за тоа се неопходни структурни промени во општеството и справување со длабоко вкоренетите стереотипи. Земјата развива стратегии за еднаквост како патоказ за континуирано дејствување да се подобрат знаењата кај жените и девојчињата за да ги бараат своите права, како и да се зголеми мандатот, капацитетот и ресурсите на националните институции кои се одговорни за почитување и заштита на нивните права. Глобалните и регионални рамки за човековите права на жените, вклучително и Пекиншката платформа за акција, Агендата 2030, и препораките на инструментите на ОН и на регионалните инструменти за женските права ќе продолжат да ги предводат ваквите залохби.

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rco-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator's Office in North Macedonia | 10 December 2020.

**www.un.mk**